РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-17
30.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје**

**За:**

**Предмет: Известување за Претставка**

Почитувани,

Ве информираме дека до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигна Претставка од политичка партија (наш УПП бр. 03-17 од 24.07.2025 година) во врска со два прилози за кандидат за градоначалник кои, според нив, вклучуваат манипулативен монтажен пристап и дискредитирачки јазик насочен кон нивниот кандидат за градоначалник. Партијата оценува дека Телевизија Алсат-М отстапува од професионалните стандарди во полза на одредена политичка коалиција, со што се нарушува јавната доверба, еднаквоста на изборната трка и интегритетот на демократските процеси. Иако во Претставката не е наведено прецизно за кои прилози станува збор, според темата, идентификувавме два прилози емитувани на ТВ Алсат-М на 22.07.2025 година, во рамки на Вестите во 19 часот и во 22 и 30 часот.

Агенцијата нема надлежности за постапување во врска со начинот на известување за политичките субјекти надвор од изборна кампања, а почитувањето на професионалните новинарски стандарди е предмет на саморегулација. Сепак, апелираме ТВ Алсат-М да се придржува до нив во своето известување за сите теми и прашања.

Повеќе детали за поднесената Претставка и за одговорот се достапни на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**По овластување на директорот,**

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**